# Извештај за учество на акционерски собранија за месец април 2025 година

мај, 2025

WVP PENZISKO

## Извештај за учество на акционерски собранија во месец април 2025 година

### 1. Општ дел

| Компанија | Алкалоид АД Скопје |
|---|---|
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вредноста на пензискиот фонд | 4,06% |
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вкупните издадени хартии од вредност од страна на издавачот | 0,01% |
| Датум на одржување на собранието | 01.04.2025 |
| Дневен ред | 1. Избор на претседавач<br>2. Избор на бројач на гласови<br>3. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2024 година (единечен и консолидиран);<br>4. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2024 година (единечни и консолидирани);<br>5. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор;<br>6. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2024 година;<br>7. Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2024 година;<br>8. Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2024 година (дивиденден календар);<br>9. Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;<br>10. Одлука за отуѓување сопствени акции;<br>11. Одлука за измена на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, во насока на техничко усогласување на шифрите и називите на дејности со Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1 која стапи на сила од 01.01.2025 година;<br>12. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година. |
| Претставник: | Полномошник – Ивана Ташковска, Раководител на Организациона единица за управување со средства |
| | |

## 2. Посебен дел

| Компанија | Алкалоид АД Скопје | |
|---|---|---|
| **Дневен ред** | **Одлука** | **Гласање на ВФП пензиско друштво** |
| 1. Избор на претседавач со Собранието | - За Претседавач со Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје се избира Марија Малова.<br>Мандатот на Претседавачот со Собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание коешто треба да се одржи. | "ЗА" |
| 2. Избор на бројачи на гласови; | - Се избираат бројачи на гласови во состав:<br>1. Билјана Кашмицовска<br>2. Александар Шулески<br>3. Александар Стојановски | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2024 година (единечен и консолидиран); | Се одобрува и усвојува:<br>- Годишен Извештај за работата на АЛКАЛОИД АД Скопје за период јануари-декември 2024 година;<br>- Консолидиран Годишен Извештај за работата на АЛКАЛОИД АД Скопје за период јануари-декември 2024 година.<br>Годишните Извештаи од ст.1 се составен дел на оваа Одлука.<br>Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето. | "ЗА" |
| 4. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2024 година (единечни и консолидирани); | Се одобрува и усвојува:<br>- Годишна сметка на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година;<br>- Консолидирана годишна сметка на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година;<br>- Финансиски Извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за годината завршена на 31 декември 2024 година (единечни и консолидирани).<br>Годишните сметки и Финансиските извештаи од ст.1 се составен дел на оваа Одлука.<br>Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето | "ЗА" |
| | Се одобрува работата и водењето на работењето на Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2024 година и тоа:<br>1. Живко Мукаетов, Претседател<br>2. Ѓорги Јованов, член<br>3. Виктор Стојчевски, член<br>4. Оливера Панева, член<br>5. Ќире Ицев, член<br>Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| 5. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор; | - Се усвојуваат Извештаите за извршена ревизија на Финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за годината завршена на 31 декември 2024 година од овластен ревизор од ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC).<br>Извештаите за извршена ревизија со мислење од ст.1 се составен дел на оваа Одлука.<br>Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето. | "ЗА" |
| 6. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2024 година; | - Се одобрува работата на членовите на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2024 година и тоа:<br><br>1. Проф.Д-р Миодраг Мицајков, Претседател<br>2. Лидија Софревска Андонова, независен член<br>3. Бојанчо Кралевски, член<br><br>Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето. | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| 7. Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2024 година; | 1. Дел за дивиденда и данок на личен доход 901.752.390 ден.<br><br>2. Дел од добивката за инвестиции 800.817.822 ден.<br><br>НЕТО ДОБИВКА 1.702.570.212 ден.<br><br>Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето. | "ЗА" |
| 8. Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2024 година (дивиденден календар); | Член 1<br>Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2024 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2024 година во висина од 567,00 денари нето, односно 630,00 денари бруто, за една акција.<br>Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.<br><br>Член 2<br>Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2024 година е 16.04.2025 година.<br><br>Член 3<br>Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2024 година е 17.04.2025 година.<br><br>Член 4<br>Датум на стекнување на право на дивиденда за 2024 година е 22.04.2025 година.<br><br>Член 5<br>Исплата на дивидендата за 2024 година ќе започне од 14.05.2025 година. | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| | Член 6<br>Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето. | |
| 9. Одлука за стекнување сопствени акции со откуп; | Член 1<br>Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една<br>десетина од основната главнина на Фармацевтска хемиска козметичка индустрија<br>АЛКАЛОИД АД Скопје, по најниска цена од 1.551,00 денари односно највисока<br>цена од 55.000,00 денари за една акција.<br><br>Член 2<br>Откупот на акциите ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго<br>од дванаесет месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука.<br>Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од<br>сметката на Друштвото.<br><br>Член 3<br>Купувањето на акциите според член 1 од оваа Одлука ќе се изврши од<br>посебните резерви издвоени во претходните години.<br><br>Член 4<br>Купувањето на акции спротивно на оваа Одлука е ништовно.<br><br>Член 5<br>Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето. | "ЗА" |
| 10. Одлука за отуѓување сопствени акции; | Член 1<br>Се одобрува отуѓување на сопствени акции на Фармацевтска хемиска козметичка<br>индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје стекнати до одржувањето на годишното собрание на<br>друштвото на ден 01.04.2025 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно<br>Одлуката на собрание на друштвото од 01.04.2025 година.<br><br>Член 2<br>Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на<br>компанијата и усогласување со законските одредби.<br>Номиналната вредност на една обична | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| | акција на АЛКАЛОИД АД Скопје износува 25,56 ЕВРА.<br><br>Член 3<br>Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на друштвото.<br>Согласно законските прописи и Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, акционерите исплатата на дивиденда може да ја добијат во пари, во акции, во пари и акции.<br><br>Член 4<br>Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност.<br><br>Член 5<br>Собранието на друштвото го овластува Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје поблиску да ги определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци утврдени во Законот за хартии од вредност и да изврши измени и дополнување на оваа Одлука.<br><br>Член 6<br>Купувачите на сопствени акции на АЛКАЛОИД АД Скопје ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.<br><br>Член 7<br>Согласно законските одредби и Статутот на друштвото, обичните акции им даваат на нивните сопственици:<br>• Право на глас во собранието на друштвото;<br>• Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и<br>• Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.<br><br>Член 8<br>АЛКАЛОИД АД Скопје по завршување на постапката за отуѓување на сопствените акции, во рок утврден со Законот за хартии од вредност, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста | |

| | | |
|---|---|---|
| | за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност.<br><br>Член 9<br>Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето | |
| 11. Одлука за измена на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, во насока на техничко усогласување на шифрите и називите на дејности со Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1 која стапи на сила од 01.01.2025 година; | Во текстот на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, во насока на техничко<br>усогласување на шифрите и називите на дејности со Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1 која стапи на сила од 01.01.2025, се вршат следните измени:<br><br>Член 1<br><br>Се менува член 9 и истиот ќе гласи:<br>„Предмет на работење на Друштвото се сите дејности утврдени со Националната<br>Класификација на Дејностите освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган, како и одделни дејности за кои Друштвото има<br>согласност, дозвола или друг акт на државен орган или друг надлежен орган, и тоа:<br>01.110 Одгледување жита, освен ориз, мешункасти растенија и маслодајни семиња<br>20.130 Производство на други основни неоргански хемикалии<br>20.140 Производство на други основни органски хемикалии<br>21.100 Производство на основни фармацевтски производи<br>21.200 Производство на фармацевтски препарати<br>46.210 Трговија на големо со жита, сиров тутун, семе и добиточна храна<br>46.460 Трговија на големо со фармацевтски и медицински производи<br>46.850 Трговија на големо со хемиски производи<br>69.200 Сметководствени, книговодствени и ревизорски дејности; даночно советување<br><br>Работи на надворешно трговскиот промет:<br>− Надворешна трговија со прехранбени производи<br>− Надворешна трговија со непрехранбени производи<br>− Посредување во меѓународниот трговски промет-реекспорт<br>− Посредување во надворешно трговскиот промет како и во внатрешно трговскиот | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| | промет<br>− Застапување на странски и домашни фирми<br>− Меѓународен превоз на стоки<br>− Меѓународна шпедиција<br>− Сообраќајно - агенциски работи<br>− Малограничен промет со соседните земји<br><br>Член 2<br><br>Во членот 214, зборовите „и дополнувања“ се бришат, а цифрите и зборот „0201-03/1 од 04.04.2022“ се заменуваат со цифрите и зборот „0201-03/1 од 01.04.2024“.<br><br>II. Се овластува Надзорниот одбор на Друштвото да изготви пречистен текст на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје.<br><br>III. Измените и дополнувањата на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје да се впишат во Трговскиот регистар на друштва и други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија.<br><br>IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето. | |
| 12. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година. | За овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи<br>на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година се назначува ревизорското друштво<br>ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC).<br>Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето. | "ЗА" |

**Скопје,**
**12.05.2025**